РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 11. 12. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia. Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 7004/1 | | |


# Влада на Република Северна Македонија

## Генерален секретаријат на Влада на Република Северна Македонија

**Дата:** 10-12-2025

**Архивски број:** 18 - 11150/1

**До:** **Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија**

**Предлог за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Република Северна Македонија**

Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 9 декември 2025 година, врз основа на член 88 став (1) од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а по добиено претходно мислење од Советот на јавни обвинители, заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија:

- од функцијата јавен обвинител на Република Северна Македонија да го разреши Љупчо Коцевски, а поради:

- Направени крупни професионални грешки при раководењето со јавното обвинителство што доведува до нарушување на ефикасноста и функционалноста на јавното обвинителство;
- Неовластено изнесување на информации и податоци за судски предмети со што ја повредил обврската за заштита на тајноста на постапката утврдена со Закон;
- Нарушување на угледот на Јавното обвинителство и неговиот личен углед во целина не постапувајќи согласно обврските предвидени во Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

### Образложение

Согласно член 88 став (1) од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), Владата на Република Северна Македонија, по претходно мислење од Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, до Собранието на Република Северна Македонија поднесува предлог за разрешување на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија. Согласно ставот (2) од истиот член на Законот, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија се разрешува од функцијата јавен обвинител пред истекот на мандатот:

- поради тешка дисциплинска повреда од членот 91 алинеи од 1 до 6 од овој закон ако повредата е сторена со намера или очигледна небрежност по вина на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, без оправдани причини и ако повредата предизвикала тешки последици или

- ако е член во политичка партија.

Согласно член 88 став (4) од Законот, Владата на Република Северна Македонија предлогот за разрешување на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија го доставува до Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија, кој е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот, до Владата на Република Северна Македонија да достави образложено позитивно или негативно мислење во писмена форма.

Владата на Република Северна Македонија врз основа на Изводок од Нацрт-записникот од Педесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 февруари 2025 година, а врз основа на членот 88 став (4) од Законот за Јавното обвинителство, го достави Предлог за разрешување од функцијата јавен обвинител на Република Северна Македонија што го утврди на седницата, одржана на 25 февруари 2025 година со допис бр.50-2198/2 од 25 февруари 2025 година до Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија.

Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија со писмо РО бр.03-64/5 од 2.4.2025 година достави мислење РО бр.03-64/4 од 2.4.2025 година, согласно кое Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија по Предлогот за разрешување од функцијата јавен обвинител на Република Северна Македонија поднесен од страна на Владата на Република Северна Македонија под Арх.бр.50-2198/2 од 25 2.2025 година, дава негативно мислење.

Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 9 декември 2025 година, повторно го разгледа Предлогот за разрешување од функцијата јавен обвинител на Република Северна Македонија и врз основа на член 88 став (1) од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а по добиено претходно мислење од Советот на јавни обвинители, заклучи да му предложи на Собранието на Република Северна Македонија од функцијата јавен обвинител на Република Северна Македонија да го разреши Љупчо Коцевски.

Согласно член 88 став (7) од Законот за јавното обвинителство, Владата на Република Северна Македонија со предлогот за разрешување задолжително го доставува до Собранието на Република Северна Македонија и мислењето од ставот (4) на овој член.

Согласно наведеното, Владата на Република Северна Македонија во прилог Ви го доставува Предлогот за разрешување од функцијата јавен обвинител на Република Северна Македонија и мислењето од Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија.

**Прилог:**
**-Предлог и мислење**

**Заменик на претседателот на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**

## Влада на Република Северна Македонија

Дата: 25 февруари 2025 година
Архивски број: 50-2198/2
До: **Советот на Јавните обвинители на Република Северна Македонија**
**Скопје**

Врз основа на членот 88 став 4 од Законот за Јавното обвинителство, Владата на Република Северна Македонија Ви доставува Предлог за разрешување од функцијата јавен обвинител на Република Северна Македонија што го утврди на седницата, одржана на 25 февруари 2025 година.

Согласно горенаведениот член должни сте во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот , до Владата на Република Северна Македонија да доставите образложено позитивно или негативно мислење во писмена форма.

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**проф. д-р Христијан Мицкоски**

Подготвил: м-р Марија Арсова – Лазаревска, советник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: Игор Јанушев, генерален секретар на Владата

Согласно член 88 став (1) од Законот за Јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), Владата на Република Северна Македонија, на седница одржана на 25 февруари 2025 година, го утврди следниот:

# П Р Е Д Л О Г

## за разрешување од функцијата јавен обвинител на Република Северна Македонија

Владата на Република Северна Македонија поднесува предлог до Собранието на Република Северна Македонија за разрешување на јавниот обвинител на Република Северна Македонија, Љупчо Коцевски, пред истекот на мандатот, поради тоа што:

- Од негова страна се направени крупни професионални грешки при раководењето со Јавното обвинителство што доведе до нарушување на ефикасноста и функционалноста на Јавното обвинителство;
- Неовластено изнесувал информации и податоци за судски предмети со што ја повредил обврската за заштита на тајноста на постапката утврдена со закон и
- Го нарушува угледот на Јавното обвинителство и неговиот личен углед во целина, не постапувајќи согласно обврските предвидени во Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

## О б р а з л о ж е н и е

Владата на Република Северна Македонија, согласно член 88 став 1 од Законот за Јавното обвинителство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20) по претходно мислење од Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, до Собранието на Република Северна Македонија поднесува предлог за разрешување на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

Јавното обвинителство, како институција која е гарант за владеењето на правото, се соочува со сериозни проблеми во функционалноста, недостаток на ефикасност во кривичното гонење и нарушени меѓучовечки односи. Овие слабости сериозно го

нарушија интегритетот на институцијата, заштитата на јавниот интерес и справувањето со криминалот.

Оваа состојба која е спротивна на законските обврски на јавното обвинителство, е потврдена од стручната и општата јавност, како и од релевантни меѓународни показатели, вклучително и Индексот на перцепција на корупцијата 2024, изработен од Transparency International.

Јавниот обвинител на Република Северна Македонија е одговорен за општите состојби за организирањето и извршувањето на функциите на Јавното обвинителство, како и за интегритетот на оваа институција во целина и неговата одговорност за ваквите состојби во рамките на Јавното обвинителство, е несомнена.

Слабите резултати во работењето на Јавното обвинителство во целина, во голема мера се должат на крупни професионални грешки при раководењето со Јавното обвинителство од страна на јавниот обвинител на Република Северна Македонија, Љупчо Коцевски.

Преку неефикасно работење, јавниот обвинител на Република Северна Македонија, Љупчо Коцевски, лично придонесе за сериозно нарушување на меѓучовечките односи во Јавното обвинителство. Генерирајќи конфликти помеѓу самите обвинители на сите нивоа преку намерни пропусти во своето работење, ја направи целосно нефункционална институцијата, Јавно обвинителство.

Со донесување на Задолжителното упатство од 31 јули 2024 година, јавниот обвинител на Република Северна Македонија ги пречекори своите надлежности утврдени во член 56 став 3 од Законот за Јавното обвинителство, што претставува крупна професионална грешка. Во Упатството е наведено дека неговата цел, меѓу другото, е обезбедување воедначена примена на законите во контекст на принципите на хиерархија и субординација во рамки на Јавното обвинителство, но, ваквата цел не е предвидена како основ за донесување на задолжително упатство согласно член 56 став 3 од Законот за Јавно обвинителство, со што подзаконскиот акт е донесен надвор од границите на законските овластувања. Дополнително, одредбите во Упатството за споделување податоци за тековни предмети, ги ограничуваат законските овластувања на вишите јавни обвинители и ги прекршуваат принципите на хиерархија, субординација и самостојност кои се гарантирани во член 3 од Законот за Јавно обвинителство. Со ваквата правна конструкција, вишите јавни обвинители се оневозможени да ги извршуваат своите законски надлежности утврдени во членовите 20 став 2, 27 став 5, 29 ставови 3 и 4 и 36 став 8 од Законот за Јавното обвинителство.

Евидентно е дека донесувањето на вакво Упатство, без соодветен правен основ и спротивно на воспоставените принципи на хиерархија, субординација и самостојност во работењето на јавните обвинители, претставува намерна крупна професионална грешка, со сериозни последици врз функционирањето на Јавното обвинителство.

Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, Љупчо Коцевски во јавноста неовластено изнесувал информации и податоци за предмети, преку нему блиски лица. Со тоа, намерно ја повредил обврската за тајност во постапките. Воедно, во јавноста секојдневно произлегуваат документи и информации за тековни предмети, а јавниот обвинител на Република Северна Македонија не презеде никакви соодветни дејствија за да се спречи и санкционира таквиот неовластен проток на документи и информации.

Со наведените дејствија и пропусти во постапувањето на јавниот обвинител на Република Северна Македонија Љупчо Коцевски, со кои се предизвикани тешки последици по функционирањето на Јавното обвинителство и ефикасноста на кривичното гонење, исполнети се правните претпоставки од член 88 став 2 алинеја 1, а во врска со член 91 алинеја 3 и 5 од Законот за Јавното обвинителство, за разрешување на јавниот обвинител на Република Северна Македонија, пред истекот на мандатот.

Како последица на сторените повреди, во изминатиот период евидентна е нарушената функционалност на Јавното обвинителство како институција и сериозно е нарушен интегритетот на истата. Согласно член 27 став 1 од Законот за Јавното обвинителство, токму јавниот обвинител на Република Северна Македонија е одговорен за општите состојби за организирањето и извршувањето на функциите на Јавното обвинителство.

Постапувајќи на овој начин, јавниот обвинител на Република Северна Македонија Љупчо Коцевски, флагрантно ја повреди должноста да го чува угледот на функцијата што ја врши предвидена во член 82 став 1 во Законот за Јавното обвинителство.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија согласно член 88 од Законот за Јавното обвинителство му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го разреши од функција јавниот обвинител на Република Северна Македонија Љупчо Коцевски.

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**РО бр.03-64/5**
**Скопје, 02.04.2025 година**

**ДО**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Предмет:** Доставување на мислење

Почитувани,

Постапувајќи согласно член 88 став 4 и став 8 од Законот за јавното обвинителство, Во прилог на овој допис го доставуваме мислењето на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија по Предлогот за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Република Северна Македонија, поднесен од страна на Владата на Република Северна Македонија под Арх. бр.50-2198/2 од 25.02.2025 година, на Ваше понатамошно постапување.

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Душица Димитриеска**

**Прилог:** Мислење РО бр.03-64/4 од 02.04.2025 година

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIKË TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**РО бр.03-64/4**
**Скопје, 02.04.2025 година**

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија врз основа на член 88 став 4 и став 8 од Законот за јавното обвинителство, а во врска со член 9 став 1 алинеја 1 и член 10 став 5 од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ, постапувајќи по предлогот на Владата на Република Северна Македонија за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Република Северна Македонија, по разгледување на предлогот на одржаната седница на ден 02.04.2025 година, го дава следното

## М И С Л Е Њ Е

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија по Предлогот за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Република Северна Македонија, поднесен од страна на Владата на Република Северна Македонија под Арх. бр.50-2198/2 од 25.02.2025 година, дава негативно мислење.

## О б р а з л о ж е н и е

Владата на Република Северна Македонија до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија достави Предлог за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Република Северна Македонија под Арх. бр.50-2198/2 од 25.02.2025 година, примен во Советот на ден 04.03.2025 година, со кој побара Советот согласно член 88 од Законот за јавното обвинителство да достави образложено позитивно или негативно мислење во писмена форма.

Постапувајќи по предлогот согласно член 88 став 6 од Законот за јавното обвинителство, Советот на јавните обвинители предлогот го достави на Јавниот обвинител на РСМ на произнесување.

Јавниот обвинител на РСМ Љупчо Коцевски до Советот достави писмено произнесување со прилог докази под А бр.03-205/2 од 12.03.2025 година.

Постапувајќи по предлогот и писменото произнесување, Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија на седница го разгледа предлогот за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Република Северна Македонија, произнесувањето и доказите доставени во прилог на произнесувањето и по гласањето со мнозинството гласови од вкупниот број членови на Советот донесе одлука да даде негативно мислење по предлогот за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Република Северна Македонија.

При одлучувањето Советот ги ценеше одредбите од Законот за јавното обвинителство.

Со Законот за јавното обвинителство не е целосно и јасно регулирана постапката за разрешување на Јавниот обвинител на РСМ особено од аспект на улогата и значењето на Советот на јавните обвинители во оваа постапка. Владата како овластен предлагач на Јавен обвинител на Република Северна Македонија е овластена да предложи и негово разрешување. Со цел да се запази постапката и да се обезбеди објективност при процена на фактите и околностите за постоење на основите за разрешување, законодавецот предвидел овластениот предлагач - Владата да побара мислење од Советот на јавните обвинители како орган кој ќе цени дали се или не се исполнети условите за разрешување и ќе даде позитивно или негативно мислење по предлогот на Владата. Советот образложеното мислење го доставува до Владата, а Владата предлогот и мислењето на Советот ги доставува до Собранието. Конечната одлука по предлогот за разрешување на Јавниот обвинител на РСМ ја носи Собранието како единствено надлежно за избор и разрешување на Јавниот обвинител на РСМ.

Мнозинството од членовите на Советот при одлучувањето заземаа став дека постапката за престанок на функцијата на Јавниот обвинител на РСМ пред истек на мандатот - неговото разрешување, треба да биде законски основана, а основите за разрешување не треба да се општи и нејасно формулирани.

Во таа насока и беа анализирани одредбите од Законот за јавното обвинителство - член 88 став 2 и член 91 алинеи од 1 до 6 за основите за разрешување и нецелосно регулираната постапка за утврдување на истите.

При одлучување, Советот ги ценеше наводите во предлогот за разрешување од аспект на нивната основаност и јасност. Советот констатираше дека во прилог на предлогот не се доставени докази.

За алинејата 1 од диспозитивот на предлогот за разрешување, мнозинството членови сметаа дека не е сторена крупна професионална грешка, бидејќи постои законски основ за носење на задолжителното упатство и во истото не се содржани одредби со кои Вишите јавни обвинители се оневозможени да ги вршат своите законски надлежности.

За алинеја 2 од диспозитивот на предлог, мнозинството членови на Советот сметаа дека нема докази дека Јавниот обвинител на РСМ изнесувал информации и податоци за судски предмети со што ја повредил тајноста на постапката утврдена со закон.

За алинеја 3 од диспозитивот на предлог, мнозинството членови на Советот сметаа дека не се содржани сите законски елементи во описот за да стане збор за тешка дисциплинска повреда со кој се нарушува угледот.

По однос на алинеја 3 – непочитување на правилата за изземање во ситуации во кои јавниот обвинител знаел или требало да знае за постоење на некои од основите за изземање, мнозинството членови на Советот сметаа дека во предлогот за разрешување не е содржан никаков навод на оваа околност, ниту од предлогот индиректно може да се извлече заклучок за тоа во кои ситуации постапувал Јавниот обвинител на РСМ спротивно на оваа одредба.

Исто така беа ценети и општите наводи за нефункционалност и неефикасност на јавното обвинителство, како и нарушените меѓучовечки односи, но со оглед на околноста дека ниту еден од овие наводи не беше поткрепен со докази од кои произлегува одговорност на Јавниот обвинител на РСМ, мнозинството членови на Советот сметаа дека истите се неосновани.

Предвид на погоре наведеното, мнозинството членови на Советот сметаа дека законската можност да се бара разрешување на Јавниот обвинител на РСМ сама по себе не е доволна, туку разрешувањето на Јавниот обвинител на РСМ во смисла на одредбите на Законот на јавното обвинителство и воспоставените меѓународни стандарди, треба да биде засновано на јасни, претходно дефинирани и објективни критериуми, да ги земе во предвид сериозноста на причините и да биде реализирано во законита постапка.

Во контекст на сето наведено, Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија дава негативно мислење по предлогот за разрешување од функцијата Јавен обвинител на Република Северна Македонија.

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Душица Димитриеска**